Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Бр. 0801-94/4
03.08.2021 год.
СКОПЈЕ

Постапувајќи по претставката бр. 0801-94/1 од 25.05.2021 година, поднесена од [redacted] од Скопје, против Министерство за финансии – Управа за имотно-правни работи, за извршена директна, продолжена и повторена дискриминација по основ на образование и работно искуство согласно член 8 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/30.10.2020 година), на 03.08.2021 го донесе следново

# МИСЛЕЊЕ

**Не се утврдува** директна, повторена и продолжена дискриминација извршена од страна на Министерство за финансии – Управа за имотно-правни работи врз подносителот [redacted] од Скопје.

## Образложение

Во претставката за заштита од дискриминација, заведена под број 0801-84/1 од 22.06.2021, подносителот [redacted] од Скопје наведува дека од 11.05.1987 бил вработен во Општина кисела Вода – Секретаријат за финансии и имотно правни работи – Одделение за имотно правни работи, а од 01.07.1991 година преминал во МФ-УИПР – ПО Општина Кисела Вода Скопје, како дипломиран правник на Правниот факултет- правосудна насока на УКИМ -Скопје, на работно место – советник за првостепена управна постапка . Приложува и Уверение за положен правосуден испит бр. 08-585/5 од 06.07.2018 година, како и Потврда за положен испит за административно управување бр.12/4-13/1353 од 31.12.2019, издадена од МИОА.

На 09.11.2012 година, [redacted] добил Решение бр.04/38986/1, потпишано од тогашниот Министер за финансии, Зоран Ставревски, со кое бил прераспределен на работа во МФ трезор -Трезорска канцеларија-Скопје, на работно место - советник за прием и обработка на документација.

Во претставката подносителот наведува дека за ваквото неадекватно прераспоредување, кое го оценил како мобинг на работно место, тој поднел претставка за заштита од вознемирување на работното место и дискриминација/нееднаков третман пред Народниот правобранител бр. НП 2573/19 од 24.03.2019. Народниот правобранител, постапувајќи по оваа претставка, констатирал дискриминација по основ на образование кон Веселински, како и продолжено вознемирување на работното место поради што препорачал *„најитно прераспоредување на работно место соодветно на неговото образование, стручност и искуство“*. Врз

основ на Препораката од НП, Министерството за финансии на 08.01.2020 година издало Решение за распоредување и определување на плата на државен службеник [redacted], бр.04-352/1, со кое, по негово барање, го прераспределил во УИПР, на работно место – советник за првостепена управна постапка - Чаир, Сектор за управна постапка, Управа за имотно-правни работи на ниво Б1, сметано од 13.01.2020.

Но, според [redacted], мобингот, дискриминацијата и вознемирувањето продолжиле и на новото работно место во УИПР ПО Чаир. Како директни извршители на дискриминацијата, мобингот и вознемирувањето, тој ги посочува раководителката на сектор во УИПР – [redacted], [redacted] на УИПР – [redacted] и колешката-правничка во ПО Чаир – која пред неговото работно ангажирање во ПО Чаир, веќе била поставена за овластен потписник, *„со само 9-10 годишно искуство“* – [redacted]

Во претставката [redacted] наведува дека е дискриминиран по основ на образование и работно искуство затоа што иако бил правник со највисоко образование и искуство, кога побарал да биде поставен за овластен потписник во ПО Чаир, како *„нормален, природен и законски ред на работите“*, неговото барање било игнорирано од сите одговорни лица во МФ и УИПР.

На 27.01.2020 доставил барање до [redacted] УИПР – [redacted] во кое побарал *„да му биде признаено образованието, искуството... да биде поставен за овластен потписник, во прво време, и во најскоро време да се иницира постапка за унапредување, со објавување на интерен оглас за празните 4 места за раководители на одделенија во Скопје и во другите ПО на УИПР, на кои рамноправно би учествувале сите колеги од УИПР и *институтот* овластен потписник да престане да биде употребуван и злоупотребуван...“*, но не добил никаков одговор и на тоа барање.

На 10.02.2020, повторно испратил Втора претставка-барање до [redacted], во кое од неа побарал податоци за тоа во колку од вкупно 34-те подрачни одделенија на УИПР се поставени раководители на ПО со решение, во колку одделенија нема такви, а во кои се поставени овластени потписници кои, согласно Правилникот за систематизација, во отсуство на раководител на одделението, по овластување на министерот или од лице овластено од министерот, добиваат овластување да ги потпишуваат актите и да ги вршат сите работни обврски и задачи предвидени за раководителите на одделенијата. Во истиот допис, тој од директорката го бара следново: ***„...барам да ми се признае сето она што го имам, како образование и искуство, сето тоа да ми се верификува со тоа што во прво време и тоа најскоро и најбрзо, ќе бидам ставен како овластен потписник, а потоа преку постапка за унапредување, предвидена со Закон за административни службеници, преку интерен оглас, унапреден во раководител на одделение, зошто постојат слободни, упразнети такви места во 4 ПО на УИПР за Град Скопје и тоа во Чаир, Карпош, Гази Баба и Кисела Вода, и тоа не за мене, туку и за други мои колеги како од Скопје, така и од другите ПО на УИПР од нашата држава“***.

Поради непостапувањето по овие негови барања, а и за други работи – барање дозвола да работи на предмети од дома, ставање на [redacted] на дежурство три пати во една недела иако сите други дежурале по двапати (копија од електронска комуникација од 24.01.2021), писма доставени до одговорните во МФ и УИПР за инциденти, расправии и закани од колешката [redacted], на кои немало реакции од никого – [redacted] смета дека се работи за продолжена, повторена директна дискриминација кон него по основ на образование и работно искуство, придружена со вознемирување и мобинг на работното место, кое придонело до негово нарушено здравје, за кое приложува соодветна медицинска документација.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, постапувајќи по претставката на [redacted], согласно член 26 од ЗСЗД, на 22.06.2021 испрати Барање за произнесување по наводите содржани во претставката до

потенцијалниот дискриминатор – Министерството за финансии – Управата за имотно правни работи, Скопје. Произнесувањето од МФ – УИПР Скопје, под бр. 25-4459/2 од 05.07.2021, во нашата архива пристигна на 13.07.2021. Во истото, тие во целост ги отфрлаат наводите содржани во претставката на [redacted], негирајќи каква и да било дискриминација по која било дискриминаторска основа утврдена во членот 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник бр.258/2020), особено врз основа на образование и работно искуство на подносителот.

Комисијата внимателно ги разгледа документите и аргументите и на двете страни и го утврди следново: наводите на [redacted] за извршена директна продолжена и повторена дискриминација по основ на образование и работно искуство од страна на МФ – УИПР, не содејствуваат со одредбите содржани во ЗСЗД, каде во член 6, под *дискриминација се подразбира секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.*

Во случајот на [redacted], работодавачот – МФ -УИПР, по констатираната дискриминација утврдена од страна на Народниот правобранител во целост постапил според Препораката на НП и го прераспределил [redacted], по негово барање, во МФ – УИПР, подрачно одделение за првостепена управна постапка – Чаир, на работно место советник за првостепена управна постапка, за што ги исполнувал општите и посебните услови пропишани во актот за систематизација, односно, бил прераспределен на друго работно место на исто ниво, во согласност со Законот за административни службеници (Сл.весник на РСМ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18, 275/19 и 14/20).

Во врска со неговото тврдење дека бил дискриминиран по основа на образование и работно искуство во облик на директна дискриминација заради непостапувањето по неговите барања да биде поставен за овластен потписник на акти во ПО Чаир, Комисијата потенцира дека согласно член 8 став 1 од ЗСЗД, **директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.** Ваква ситуација не може да се утврди во случајот на подносителот, бидејќи согласно член 52 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (Сл.весник на РМ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), Министерот за финансии со Решение бр.04-11128/1 од 18.12.2019, ја овластил директорката на УИПР да ги потпишува актите од надлежност на Управата, а меѓу другото и да ги потпишува решенијата за овластувања за потпишување на акти на вработените во ПО во УИПР. На тој начин, министерот ѝ го делегирал правото на [redacted] да одлучи кој од вработените ќе го овласти за потпишување, со што овластувањата на [redacted] а потоа и на [redacted] не може да претставуваат извор на дискриминаторски активности кон подносителот.

Во врска со непополнетите места за раководители на подрачните одделенија на УИПР како и за распишувањето на интерни огласи за унапредување на вработените во Управата, меѓу кои е и подносителот, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација нема законски мандат да се произнесува или да постапува.

Согласно погоренаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не утврди директна, повторена и продолжена дискриминација извршена од страна на Министерство за финансии – Управа за имотно-правни работи врз подносителот [redacted] од Скопје.

Сепак, Комисијата го потсетува работодавачот на [redacted] – Министерство за финансии – Управа за имотно правни работи, дека согласно член 11 од ЗСЗД, виктимизацијата која е дефинирана како трпење на

штетни последици на лицето кое презело дејствија за заштита од дискриминација, односно пријавило дискриминација, почнало постапка за заштита од дискриминација, сведочело во текот на постапката или на друг начин учествувало во постапка за заштита од дискриминација, е забранета согласно ЗСЗД и се санкционира согласно Законот за прекршоци пред надлежен суд.

Скопје
03.08.2021

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка
Весна Бендевска

Комисија за спречување и заштита од дискриминација * Скопје

Доставено до:

-[redacted]

-Министерство за финансии-Управа за имотно правни работи-ул.Даме Груев бр.12, 1000 Скопје

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Tel: +389 23232368 ; +389 23216892
www.kszd.mk contact@kszd.mk